Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**УКАЗ**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА ДОГОВОРОТ МЕЃУ МАКЕДОНСКАТА ВЛАДА И ШВАЈЦАРСКИОТ ФЕДЕРАЛЕН СОВЕТ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ И ЗАЕМНА ЗАШТИТА НА ИНВЕСТИЦИИТЕ**

Се прогласува Законот за ратификација на Договорот меѓу Македонската влада и Швајцарскиот Федерален Совет за поттикнување и заемна заштита на инвестициите,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 19 февруари 1997 година.

Број 08-514/1
19 февруари 1997 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Тито Петковски,** с.р.

**ЗАКОН**
**ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА ДОГОВОРОТ МЕЃУ МАКЕДОНСКАТА ВЛАДА И ШВАЈЦАРСКИОТ ФЕДЕРАЛЕН СОВЕТ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ И ЗАЕМНА ЗАШТИТА НА ИНВЕСТИЦИИТЕ**

Член 1

Се ратификува Договорот меѓу Македонската влада и Швајцарскиот Федерален Совет за поттикнување и заемна заштита на инвестициите склучен на 26 септември 1996 година во Берн.

Член 2

Договорот во оригинал на македонски, на француски и на англиски јазик гласи:

# ДОГОВОР
# меѓу
# МАКЕДОНСКАТА ВЛАДА
# и
# ШВАЈЦАРСКИОТ ФЕДЕРАЛЕН СОВЕТ
# за поттикнување и заемна заштита на инвестициите

## Преамбула

Македонската Влада и Швајцарскиот Федерален Совет, во натамошниот текст: "Договорни страни",

со желба да ја зајакнат економската соработка од заеднички интерес меѓу двете земји,

со цел да создадат и оддржат поволни услови за инвестирање на инвеститори на една од Договорните страни на територијата на другата Договорна страна,

имајќи ја во предвид потребата да се поттикнуваат и заштитуваат странските инвестиции заради стимулирање на економскиот просперитет во двете држави,

се договорија за следново:

**Член 1**

**Предмет на Договорот**

Предмет на овој Договор е поттикнување и заштита на инвестициите на територијата на едната Договорна страна од инвеститорите на другата Договорна страна.

**Член 2**

**Дефиниции**

За целите на овој Договор:

(1) Поимот винвестицијаг подразбира секаков вид на имот, а посебно:

(а) подвижен и недвижен имот, како и било кои други стварни права, како што се право на службеност, хипотека, залог, гаранции ;

(б) акции, удели или друг вид на учество од слична природа;

(в) побарувања кои гласат на пари или други услуги кои имаат стопанска вредност;

(г) авторски права, права од индустриска сопственост (како што се патенти, модели за користење, индустриски дизајни или модели, заштитни знаци, трговски имиња, индикации за потекло), know-how i good will;

(д) концесии кои произлегуваат од закон или договор, вклучувајќи концесии за истражување, вадење и експлоатација на природни богатства, како и сите други права кои произлегуваат од закон или договор или од одлука на надлежен орган во согласност со законот.

Било каква промена во формата на инвестираните средства не влијае на нејзиниот карактер како инвестиција.

(2) Поимот "инвеститор" во поглед на двете Договорни страни подразбира:

(а) физички лица кои се државјани на било која од Договорните страни според нејзините закони;

(б) правни лица основани или на друг начин организирани во согласност со законодавството на таа Договорна страна и се вклучени во значајни деловни активности на таа Договорна страна;

(в) правни лица кои не се основани во согласност со законодаватвото на таа Договорна страна;

(i) во кои повеќе од 50% од акционерскиот капитал е во сопственост на лице од таа Договорна страна; или

(ii) во кои лицата од таа Договорна страна можат да го именуваат мнозинството директори или на друг начин законски да раководат со нивните активности.

(3) Поимот "приходи" значи средства кои се остваруваат од инвестициите, а особено профит, камати, прираст од капитал, дивиденди, приходи од лиценци и други надоместоци.

(4) Поимот "територија" ја означува територијата на секоја Договорна страна врз кои таа може да ги врши своите суверени права или јурисдикација, во согласност со меѓународното право.

## Член 3

## Поттикнување, одобрување

(1) Секоја Договорна страна на својата територија ќе ги поттикнува, колку е можно повеќе, инвестициите на инвеститорите од другата Договорна страна и ќе ги одобрува таквите инвестиции во согласност со своите закони и прописи.

(2) Кога една Договорна страна ќе одобри инвестиции на својата територија, таа треба да ги обезбеди неопходните дозволи во врска со тие инвестиции и во врска со реализацијата на договорите за издавање дозволи и договорите за техничка, комерцијална или административна помош. Секоја Договорна страна треба, секогаш кога тоа ќе е потребно, да настојува да ги издаде неопходните овластувања во врска со активностите на консултантите и другите професионални лица со странско државјанство.

## Член 4

## Заштита, третман

(1) Секоја Договорна страна треба на својата територија да ги заштитува инвестициите на инвеститорите од другата Договорна страна, кои се извршени во согласност со нејзините закони и прописи и не треба да спроведува неразумни или дискриминаторски мерки во поглед на раководењето, одржувањето, употребата, користењето, проширувањето, продажбата и, во случај да дојде до таква работа, ликвидацијата на тие инвестиции. Секоја Договорна страна треба особено да ги даде неопходните овластувања наведени во член 3. став 2 од овој Договор.

(2) Секоја Договорна страна ќе обезбеди праведен и еднаков третман на својата територија, на инвестициите на инвеститорите од другата Договорна страна. Овој третман нема да биде понеповолен од оној кој секоја од Договорните страни го дава на инвестициите на својата територија изведени од страна на своите

сопствени инвеститори или на инвестициите на нејзината територија изведени од страна на инвеститори од најповластената нација, доколку овој вториот третман е поповолен.

(3) Доколку едната Договорна страна дава специјални повластувања на инвеститори од било која трета држава, кои произлегуваат од договор за слободна трговска зона, царинска унија или заеднички пазар или кои произлегуваат од договор за избегнување на двојно оданочување, таа не е обврзана да ги дава тие повластувања на инвеститорите на другата Договорна страна. Ова се однесува и на специфичната економска соработка која се уште постои меѓу поранешните југословенски републики.

## Член 5

## Оттуѓување, надоместок

(1) Ниту една од Договорните страни не треба да презема, директно или индиректно, мерки на експропријација, национализација или било какви други мерки чиј ефект би бил ист за инвестициите на инвеститорите на другата Договорна страна, освен ако е тоа од јавен интерес, на недискриминаторска основа, и според закон и со адекватен и ефективен надоместок. Износот на надоместокот, мора да одговара на пазарната вредност на експроприраното вложување непосредно пред да е извршена експропријацијата или пред да е објавена постапката за експропријација, зависно од тоа која од тие постапки е извршена порано. Износот на надоместокот кој ја вклучува и каматата пресметана на годишна ЛИБОР основа, ќе се исплатува во конвертибилна валута, без одлагање на овластеното лице, без оглед на неговото живеалиште односно седиште.

(2) Инвеститорите на едната Договорна страна, чии инвестиции трпат загуби заради војна или било каков друг вид на вооружен конфликт, револуција, вонредна состојба или побуна, што се случиле на територијата на другата Договорна страна, треба да го искористи, на сметка на другата Договорна страна, третманот според член 4, став 2 од овој договор, во форма на реституција, обештетување, компензација или друг вид на надоместок.

## Член 6

## Слободен пренос

(1) Секоја Договорна страна ќе им одобрува на инвеститорите од другата Договорна страна слободен пренос без задоцнување во конвертибилна валута на исплатите поврзани со инвестициите, особено на:

(а) приходи;
(б) средства при исплаќање заеми;
(в) средствата за покривање на трошоците во врска со раководењето на инвестициите;
(г) исплати на права од лиценци и друг вид на исплати кои произлегуваат од правата наведени во членот 2 став 1 под (в), (г) и (д) од овој Договор;
(д) дополнителен капитал неопходен за одржување или развој на инвестициите;
(ѓ) приходи од продажба или од делумна или целосна ликвидација на инвестиции, вклучувајќи и можни зголемени вредности;
(е) надоместоците од членот 5 на овој Договор.

(2) Преносот ќе се изврши без одлагање доколку се изведува во вообичаен период потребен за завршување на преносот. Овој период ќе почне на денот на кој е поднесено релевантното барање и не смее да го надмине рокот од 2 месеци.

## Член 7

## Инвестиции извршени пред влегување во сила на Договорот

Сегашниот Договор треба да се применува и на инвестициите на територијата на едната Договорна страна извршени според нејзините закони и прописи од страна на инвеститорите на другата Договорна страна кои постоеле, и пред пред овој договор да влегува во сила. Договорот не се применува на споровите создадени пред неговото влегување во сила.

## Член 8

## Поповолни одредби

И покрај условите поставени со сегашниот Договор, ќе се применуваат поповолните одредби кои се договорени или ќе се договорат од една од Договорните страни со инвеститори од другата Договорна страна.

## Член 9

## Принцип на суброгација

Доколку едната од Договорните страни даде било каков вид на финансиска гаранција за некомерцијален ризик за инвестициите на некој од своите инвеститори на територијата на другата Договорна страна,

другата Договорна страна треба да ги признае правата на првата Договорна страна врз основа на принципот на суброгација на правата на инвеститорот кога исплатата е извршена со гаранција од првата Договорна страна.

## Член 10

## Спорови меѓу едната Договорна страна и инвеститор на другата Договорна страна

(1) Со цел да се решат споровите во поглед на инвестициите меѓу едната Договорна страна и инвеститорот на другата Договорна страна ќе се одржат консултанции меѓу соодветните страни, со цел спорот да се реши на пријателски начин.

(2) Доколку консултациите не резултираат со решавање на спорот во рок од 6 месеци од денот на поднесувањето на барањето за решавање на спорот, инвеститорот може да поднесе барање за решавање на спорот до:

(а) Меѓународниот Центар за решавање на инвестициони спорови, институционализиран со Вашингтонската Конвенција за решавање на спорови во врска со инвестиции меѓу држави и државјани на други држави од 18-ти март 1965 година, (во натамошниот текст "Конвенција") или

б) Ад хок судот кој, освен ако не е поинаку договорено меѓу страните на спорот, ќе се воспостави во согласност со арбитражните правила на Комисијата за меѓународно трговско право на ООН (УНЦИТРАЛ).

(3) Секоја договорна страна со ова се сложува при настанување на спор, спорот да го поднесе за меѓународно usогласување или арбитража.

(4) Договорната страна која е страна во спорот не може во ниеден момент во текот на процедурата да се повика на својот имунитет или на факти дека инвеститорот добил компензација врз основа на договор за осигурување што го покрива целиот или дел од осигураната штета или загуба.

(5) Компанијата (друштвото)која е инкорпорирана или основана според законите кои се во сила на територијата на едната Договорна страна и која, пред да се создаде спорот. била под контрола на инвеститорите од другата Договорна страна, се смета, во смисла на членот 25 (2) (б) од Конвенцијата, како компанија (друштво)на другата Договорна страна.

(6) Ниту една од Договорните страни не треба да го решава спорот, поднесен за арбитража до Центарот, преку дипломатски канали, освен ако другата Договорна страна не се обврзува или повинува на одлуката донесенена од страна на арбитражниот суд.

## Член 11

## Спорови меѓу Договорните страни

(1) Споровите меѓу Договорните страни кои се однесуваат на интерпретацијата или примената на одредбите од овој договор треба да се решаваат преку дипломатски канали.

(2) Доколку спорот мегу Договорните страни не може да се реши спогодбено во рок од шест месеци од неговото започнување, по барање на било која од двете договорни страни, спорот може да се поднесе до арбитражен суд составен од три члена.

Секоја Договорна стрнана треба да именува еден арбитратор, а тие два арбитратори треба да именуваат претседател, кој треба да е државјанин на трета држава.

(3) Доколку едната од Договорните страни не го именувала својот арбитратор и не одговорила на поканата на другата Договорна страна да го изврши именувањето во рок од два месеци, арбитраторот ќе се именува на барање на таа Договорна страна од страна на Претседателот на Меѓународниот суд за правда.

(4) Доколку двајцата арбитратори не можат да се согласат околу изборот на Претседателот во рок од два месеци по нивното именување, тој ќе се именува, на барање на било која од Договорните страни, од страна на Претседателот на Меѓународниот суд за правда.

(5) Доколку во случаите наведени во ставовите 3 и 4 од овој член, Претседателот на Меѓународниот суд за правда е спречен да ја изврши наведената функција или ако тој е државјанин на една од Договорните страни, именувањето треба да го изврши Потпретседателот, а доколку и тој е спречен или е државјанин на една од Договорните страни, именувањето треба да го изврши највисокиот на функција судија на Судот кој не е државјанин на ниту една од Договорните страни.

(6) Доколку Договорните страни не се договорат за процедурата на спорот, за процедурата одлучува судот.

(7) Одлуките на судот се конечни и обврзувачки за секоја од Договорните страни.

## Член 12

## Придржување кон обврските

Секоја Договорна страна треба постојано да гарантира дека ќе се придржува кон обврските кои ги прифатила во поглед на инвестициите на инвеститорите на другата Договорна страна.

## Член 13

## Завршни одредби

(1) Овој Договор ќе стапи во сила на денот кога двете влади меѓусебно ќе се известат дека ги исполниле уставните барања за влегување во сила на меѓународни договори, и ќе остане во сила за период од десет години. Доколку не се поднесе писмено известување за прекинување на овој Договор, 12 месеци пред истекување на овој рок, Договорот ќе се смета за обновен со истите услови за период од 10 години, и т.н.

(2) Во случај да се поднесе официјално барање за прекинување на сегашниот договор, одредбите од членовите 1-12 ќе останат во сила за период од десет години за инвестициите извршени пред да се достави тоа официјално барање.

Овој Договор е составен во два истоветни примероци во Берн на ден 26 септември 1996 год, на македонски, француски и англиски јазик, и секој текст е подеднакво автентичен. Во случај на несогласување во поглед на интерпретацијата, меродавен е англискиот текст на договорот.

За Македонската Влада,
Амбасадор,
д-р **Срѓан Керим**, с.р.

За Швајцарскиот
Федерален Совет
Државен секретар за економски
односи со странство,
**Франц Бланкарт**, с.р.

# Accord

**entre**

**le Gouvernement macédonien**

**et**

**le Conseil fédéral suisse**

**concernant la promotion et la protection réciproque**

**des investissements**

## Préambule

Le Gouvernement macédonien et le Conseil fédéral suisse, ci-après les "Parties Contractantes",

Désireux d'intensifier la coopération économique dans l'intérêt mutuel des deux Etats,

Dans l'intention de créer et de maintenir des conditions favorables aux investissements des investisseurs d'une Partie Contractante sur le territoire de l'autre Partie Contractante,

Reconnaissant la nécessité d'encourager et de protéger les investissements étrangers en vue de promouvoir la prospérité économique des deux Etats,

Sont convenus de ce qui suit:

## Article 1er

### But

Le présent Accord a pour but de promouvoir et de protéger les investissements effectués sur le territoire d'une Partie Contractante par des investisseurs de l'autre Partie Contractante.

## Article 2

### Définitions

Aux fins du présent Accord:

(1) Le terme "investissements" englobe toutes les catégories d'avoirs et en particulier:

(a) la propriété de biens meubles et immeubles, ainsi que tous les autres droits réels, tels que servitudes, charges foncières, gages immobiliers et mobiliers;

(b) les actions, parts sociales et autres formes de participation de nature similaire;

(c) les créances monétaires et droits à toute prestation ayant une valeur économique;

(d) les droits d'auteur, droits de propriété industrielle (tels que brevets d'invention, modèles d'utilite, dessins ou modèles industriels, marques de

fabrique ou de commerce, marques de service, noms commerciaux, indications de provenance), savoir-faire et clientèle;

(e) les concessions conférées par la loi ou par contrat, y compris les concessions de prospection, d'extraction ou d'exploitation de ressources naturelles, ainsi que tout autre droit conféré par la loi, par contrat ou par décision de l'autorité en application de la loi.

Une modification de la forme d'investissement des avoirs n'affecte par leur qualification d'investissement.

(2) Le terme "investisseur" désigne, en ce qui concerne chaque Partie Contractante,

(a) toute personne physique qui, d'après la législation de cette Partie Contractante, est considérée comme son national;

(b) toute personne morale qui est constituée ou autrement organisée conformément à la législation de cette Partie Contractante, et qui effectue d'importantes opérations commerciales sur le territoire de cette même Partie Contractante;

(c) toute personne morale qui n'est pas établie conformément à la législation de cette Partie Contractante:

(i) lorsque plus de 50 pour cent de son capital social appartient en pleine propriété à des personnes de cette Partie Contractante; ou

(ii) lorsque des personnes de cette Partie Contractante ont la capacité de nommer une majorité de ses administrateurs, ou sont autrement habilitées en droit à diriger ses opérations.

(3) Le terme "revenus" désigne les montants issus d'un investissement et englobe notamment les bénéfices, les intérêts, les gains en capital, les dividendes, les redevances et les rémunérations.

(4) Le terme "territoire" désigne le territoire de chaque Partie Contractante, pour autant que l'Etat concerné puisse exercer des droits souverains ou une juridiction conformément au droit international.

## Article 3

### Encouragement, admission

(1) Chaque Partie Contractante encouragera, dans la mesure du possible, les investissements des investisseurs de l'autre Partie Contractante sur son territoire et admettra ces investissements conformément à ses lois et règlements.

(2) Lorsqu'elle aura admis un investissement sur son territoire, chaque Partie Contractante délivrera les autorisations qui seraient nécessaires en relation avec cet investissement, y compris avec l'exécution de contrats de licence, d'assistance technique, commerciale ou administrative. Chaque Partie Contractante veillera à délivrer, chaque fois que cela sera nécessaire, les autorisations requises pour les activités de consultants ou d'autres personnes qualifiées de nationalité étrangère.

## Article 4

### Protection, traitement

(1) Chaque Partie Contractante protégera sur son territoire les investissements effectués conformément à ses lois et règlements par des investisseurs de l'autre Partie Contractante et n'entravera pas, par des mesures injustifiées ou discriminatoires, le management, l'entretien, l'utilisation, la jouissance, l'accroissement, la vente et, le cas échéant, la liquidation de tels investissements. En particulier, chaque Partie Contractante délivrera les autorisations visées à l'article 3, alinéa (2), du présent Accord.

(2) Chaque Partie Contractante assurera sur son territoire un traitement juste et équitable aux investissements des investisseurs de l'autre Partie Contractante. Ce traitement ne sera pas moins favorable que celui accordé par chaque Partie Contractante aux investissements effectués sur son territoire par ses propres investisseurs ou que celui accordé par chaque Partie Contractante aux investissements effectués sur son territoire par les investisseurs de la nation la plus favorisée, si ce dernier traitement est plus favorable.

(3) Si une Partie Contractante accorde des avantages particuliers aux investisseurs d'un Etat tiers en vertu d'un accord établissant une zone de libre-échange, une union douanière ou un marché commun ou en vertu d'un accord pour éviter la

double imposition, elle ne sera pas contrainte d'accorder de tels avantages aux investisseurs de l'autre Partie Contractante. Cela s'applique également aux avantages spéciaux que les ex-Républiques de Yougoslavie s'accordent encore mutuellement dans le cadre de leur coopération économique.

## Article 5

### Dépossession, indemnisation

(1) Aucune des Parties Contractantes ne prendra, directement ou indirectement, des mesures d'expropriation, de nationalisation ou toute autre mesure ayant le même caractère ou le même effet à l'encontre des investissements d'investisseurs de l'autre Partie Contractante, si ce n'est pour des raisons d'intérêt public et à condition que ces mesures ne soient pas discriminatoires, qu'elles soient conformes aux prescriptions légales et qu'elles donnent lieu au paiement d'une indemnité effective et adéquate. L'indemnité se montera à la valeur marchande de l'investissement exproprié immédiatement avant que l'expropriation ne soit entreprise ou qu'elle ne soit de notoriété publique, le premier de ces événements étant déterminant. Le montant de l'indemnité, qui inclura un intérêt calculé sur la base annuelle LIBOR, sera réglé dans une monnaie convertible et versé sans retard à l'ayant droit, sans égard à son domicile ou à son siège.

(2) Les investisseurs de l'une des Parties Contractantes dont les investissements auront subi des pertes dues à la guerre ou à tout autre conflit armé, révolution, état d'urgence ou révolte, survenus sur le territoire de l'autre Partie Contractante, bénéficieront, de la part de cette dernière, d'un traitement conforme à l'article 4, alinéa (2), du présent Accord en ce qui concerne la restitution, l'indemnisation, la compensation ou tout autre règlement.

## Article 6

### Libre transfert

(1) Chacune des Parties Contractantes accordera aux investisseurs de l'autre Partie Contractante le transfert sans retard, dans une monnaie librement convertible, des paiements afférents aux investissements, notamment:

(a) des revenus;

(b) des remboursements d'emprunts;

(c) des montants destinés à couvrir les frais relatifs au management des investissements;

(d) des redevances et autres paiements découlant des droits énumérés à l'article 2, alinéa (1), lettres (c), (d) et (e), du présent Accord;

(e) des apports supplémentaires de capitaux nécessaires à l'entretien ou au développement des investissements;

(f) du produit de la vente ou de la liquidation partielle ou totale d'un investissement, y compris des plus-values éventuelles;

(g) de l'indemnité conformément à l'article 5 du présent Accord.

(2) Un transfert est réputé réalisé sans retard lorsqu'il a lieu dans le délai normalement requis pour accomplir les formalités de transfert. Ledit délai commence à courir le jour de la présentation de la demande de transfert et n'excède en aucun cas deux mois.

## Article 7

## Investissements antérieurs à l'Accord

Le présent Accord s'applique également aux investissements effectués avant son entrée en vigueur sur le territoire d'une Partie Contractante, conformément à ses lois et règlements, par des investisseurs de l'autre Partie Contractante. Il n'est cependant pas applicable aux différends dont la naissance est antérieure à son entrée en vigueur.

## Article 8

## Conditions plus favorables

Nonobstant les conditions prévues par le présent Accord, les conditions plus favorables qui ont été ou qui seraient convenues par l'une des Parties Contractantes avec un investisseur de l'autre Partie Contractante sont applicables.

## Article 9

**Principe de subrogation**

Lorsqu'une Partie Contractante a accordé une garantie financière quelconque contre des risques non commerciaux à l'égard d'un investissement de l'un de ses investisseurs sur le territoire de l'autre Partie Contractante, cette dernière reconnaîtra les droits de la première Partie Contractante selon le principe de subrogation dans les droits de l'investisseur si un paiement a été fait en vertu de cette garantie par la première Partie Contractante.

## Article 10

**Différends entre une Partie Contractante et un investisseur de l'autre Partie Contractante**

(1) Afin de trouver une solution aux différends relatifs à des investissements entre une Partie Contractante et un investisseur de l'autre Partie Contractante, des consultations auront lieu entre les parties concernées en vue de résoudre chaque cas à l'amiable.

(2) Si ces consultations n'apportent pas de solution dans un délai de six mois à compter de la requête de règlement, l'investisseur pourra soumettre le différend:

(a) au Centre international pour le règlement des différends relatifs aux investissements (CIRDI), institué par la Convention pour le règlement des différends relatifs aux investissements entre Etats et ressortissants d'autres Etats, ouverte à la signature à Washington le 18 mars 1965 (ci-après la "Convention"); ou

(b) à un tribunal *ad hoc* qui, à moins que les parties au différend n'en conviennent autrement, sera établi selon les Règles d'arbitrage de la Commission des Nations Unies pour le droit commercial international (CNUDCI).

(3) Chaque Partie Contractante consent à soumettre tout différend relatif à des investissements à la conciliation ou à l'arbitrage internationaux.

(4) La Partie Contractante partie au différend ne peut, à aucun moment de la procédure, exciper de son immunité ou du fait que l'investisseur a reçu, en vertu d'un

contrat d'assurance, une indemnité couvrant tout ou partie du dommage ou de la perte subis.

(5) Une société qui a été incorporée ou constituée conformément aux lois en vigueur sur le territoire d'une Partie Contractante et qui, avant la naissance du différend, était contrôlée par des investisseurs de l'autre Partie Contractante, sera considérée, conformément à l'article 25 (2) (b) de la Convention, comme une société de l'autre Partie Contractante.

(6) Aucune Partie Contractante ne poursuivra par la voie diplomatique un différend soumis au Centre, à moins que l'autre Partie Contractante ne se conforme pas à la sentence arbitrale.

## Article 11

### Différends entre Parties Contractantes

(1) Les différends entre Parties Contractantes relatifs à l'interprétation ou à l'application des dispositions du présent Accord seront réglés par la voie diplomatique.

(2) Si les deux Parties Contractantes ne parviennent pas à un règlement dans les six mois à compter de la naissance du différend, ce dernier sera soumis, à la requête de l'une ou de l'autre Partie Contractante, à un tribunal arbitral composé de trois membres. Chaque Partie Contractante désignera un arbitre. Les deux arbitres ainsi désignés nommeront un président qui devra être ressortissant d'un Etat tiers.

(3) Si l'une des Parties Contractantes n'a pas désigné son arbitre et qu'elle n'a pas donné suite à l'invitation adressée par l'autre Partie Contractante de procéder dans les deux mois à cette désignation, l'arbitre sera nommé, à la requête de cette dernière Partie Contractante, par le Président de la Cour internationale de justice.

(4) Si les deux arbitres ne peuvent se mettre d'accord sur le choix du président dans les deux mois suivant leur désignation, ce dernier sera nommé, à la requête de l'une ou de l'autre Partie Contractante, par le Président de la Cour internationale de justice.

(5) Si, dans les cas prévus aux alinéas (3) et (4) du présent article, le Président de la Cour internationale de justice est empêché d'exercer cette fonction ou s'il est ressortissant de l'une des Parties Contractantes, les nominations seront faites par

le Vice-président et, si ce dernier est empêché ou s'il est ressortissant de l'une des Parties Contractantes, elles le seront par le membre le plus ancien de la Cour qui n'est ressortissant d'aucune des Parties Contractantes.

(6) A moins que les Parties Contractantes n'en disposent autrement, le tribunal fixe lui-même ses règles de procédure.

(7) Les décisions du tribunal sont définitives et obligatoires pour les Parties Contractantes.

## Article 12

### Respect des engagements

Chacune des Parties Contractantes assurera à tout moment le respect des engagements assumés par elle à l'égard des investissements des investisseurs de l'autre Partie Contractante.

## Article 13

### Dispositions finales

(1) Le présent Accord entrera en vigueur le jour où les deux gouvernements se seront notifié que les formalités constitutionnelles requises pour la mise en vigueur d'accords internationaux ont été accomplies; il restera en vigueur pour une durée de dix ans. S'il n'est pas dénoncé par écrit douze mois avant l'expiration de cette période, il sera considéré comme renouvelé aux mêmes conditions pour une durée de dix ans, et ainsi de suite.

(2) En cas de dénonciation, les dispositions prévues aux articles 1 à 12 du présent Accord s'appliqueront encore pendant une durée de dix ans aux investissements effectués avant la dénonciation.

Fait en double exemplaire, à **Berne le 26 septembre 1996,**
en français, en macédonien et en anglais, chaque texte faisant également foi. En cas de divergence d'interprétation, le texte anglais prévaut.

| Pour le Government macédonien<br>Srgan kerim, s.r. | Pour le Conseil fédéral suisse<br>Franc Blankart, s.r. |
|---|---|